Бр. 12 - 547/5
23.09.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 22-та седница одржана на ден 17.09.2019 година ја донесе следната

## **Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката по предметот со број 12- 547 од 2019 година, оформен по сопствена иницијатива со заклучок број 12- 547/1 од 18.02.2019 година, а врз основа на сознанија добиени од медиумите кои се однесуваат на сомневања за сторени злоупотреби при распределба на буџетски средства за финансирање на програма од областа на културата од страна на Министерството за култура.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12- 547 од 2019 година.

Предметот со број 12- 547 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12- 547 од 2019 година е оформен по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата, со заклучок број 12- 547/1 од 18.02.2019 година, а врз основа на сознанија добиени од медиумите кои се однесуваат на сомневања за сторени злоупотреби при распределба на буџетски средства за финансирање на програма од областа на културата од страна на Министерството за култура.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид објавените наводи за сомневања за сторени злоупотреби при распределба на буџетски средства за финансирање на програма од областа на културата од страна на Министерството за култура и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации од Министерството за култура, на кое кај ДКСК се примени одговори – писмена со кои се доставуваат бараните податоци и информации.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на предметните наводи и преземените процесни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата го констатираше следното:

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Не може да се утврди поединечна одговорност кон лица кои учествувале во распределбата на средствата со Годишната програма на Министерството за култура, од причина што бодирањето на проекти и одлуката за висината на средствата што ќе биде доделена е одлука на повеќе лица, членови на комисии, а одобрени од министерот.

Применетот начин на бодирање на проектите овозможува голем субјективизам, калкулации, надворешни влијанија и клиентелизам и од страна на членовите на комисиите, и влијание од одговорни и овластени лица како од самото министерство, така и од надворешни личности.

Во услови кога Министертвото во својата стратегија нема изразено силна поддршка за настани, институции и други здруженија кои се со голема традиција и препознатливи и во странство како амбасадори на Македонската култура, постои ризик од неисполнување на целите предвидени со Националната стратегија. Сепак, одговорните лице во Министерството, имаат обврска и одоговорност за создавање еднакви услови и да обезбедат еднакви културни права за сите учесници.

Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување, поради што постапката по предметниот случај се запира.

При фактичката состојба утврдена како што е погоре наведено, а раководејќи се од јавниот интерес, владеење на правото и спречување на корупцијата по однос на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата до Министерството за култура ќе достави препораки за воспоставување на објективен систем на бодирање со донесување на интерни акти со цел воведување на реални и мерливи критериуми при изборот на проекти, како и усогласеност на висината на доделените средства.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година под бр. 12- 547/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk